Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Неготино за 2020 година од Совет на Општина Неготино, Градоначалникот на Општина Неготино го дава следното:

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Предлог планот - ДУП за УЗ 3 дел од урбан блок 3.2 (помеѓу улиците „Едвард Кардељ“ и „ЈНА“) КО Неготино, Општина Неготино

Граници на опфатот се: на север и запад по оската на улиците "ЈНА", на исток по осовината на улица „Борис Кидрич“ и на југ по оска на улица „Едвард Кардељ“.
Опфатот е со површина од 1,33 ха.
Јавната анкета и јавната презентација за Предлог планот - ДУП за УЗ 3 дел од урбан блок 3.2 (помеѓу улиците „Едвард Кардељ“ и „ЈНА“) КО Неготино, Општина Неготино со технички број 3716 од август 2020 година, е изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на општина Неготино.
Јавната анкета ќе трае 10 (десет) работни денови и тоа од 20.08.2020 година до 03.09.2020 година, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.
Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.
Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 27.08.2020 година во 12:00 часот во просториите на општина Неготино.